# За повеќе информации, контактирајте ја канцеларијата на Американските совети во вашата родна земја:

| | | |
|---|---|---|
| **АЛБАНИЈА** | (355) 2235347 | albania.americancouncils.org<br>yes.al@americancouncils.org |
| **БОСНА и ХЕРЦЕГОВИНА** | (387) 603289804 | bih.americancouncils.org<br>yes.ba@americancouncils.org |
| **БУГАРИЈА** | (359) 877333013 | bulgaria.americancouncils.org<br>yes.bg@americancouncils.org |
| **КОСОВО** | (383) 38226255 | kosova.americancouncils.org<br>yes.ks@americancouncils.org |
| **СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** | (389) 23076522 | northmacedonia.americancouncils.org<br>yes.mk@americancouncils.org |

**2024-2025**






## Следете YES:

@yesprogramnews

@YouthExchangeAndStudy

@yes.program

www.yesprograms.org

Kennedy-Lugar YES Youth Exchange and Study

КРАЕН РОК ЗА АПЛИЦИРАЊЕ:

**24 ОКТОМВРИ, 2023**

ais.americancouncils.org/yes

AMERICAN COUNCILS FOR INTERNATIONAL EDUCATION

AC23YRE056

Средствата за YES програмата доаѓаат од Стејт Департмент на САД, Бирото за образовни и културни работи

# ШТО Е YES ПРОГРАМАТА?

Програмата за младинска размена (The Kennedy-Lugar Youth Exchange and Study – YES) е основана во октомври 2002 година од страна на Конгресот како одговор на настаните од 11 септември, 2001 во САД. YES програмата е целосно финансирана од владата на Соединетите Американски Држави и е администрирана од Бирото за образовни и културни работи (ECA) на Стејт Департментот на САД. YES програмата обезбедува стипендија за една учебна година во САД на избрани средношколци преку строг процес на селекција. Избраните ученици живеат во семејство домаќин кое волонтерски се пријавува за тоа и посетуваат средно училиште во САД за да го поттикнат разбирањето меѓу луѓето од САД и луѓето од другите земји ширум светот.

YES програмата е поддржана на локално ниво од страна на илјадници државјани на САД и локални средни училишта кои учениците ги посетуваат, во кои се едуцираат и ги поддржуваат учениците без финансиски надомест. Сега, во својата 20-та година, програмата на YES, има обезбедено стипендии во траење од една учебна година за илјадници средношколци од многу држави. До 2023, повеќе од 800 ученици од Југоисточна Европа учествувале во YES.

# КОЈ ЈА ОРГАНИЗИРА ПРОГРАМАТА?

Американски совети за меѓународно образование го организираат процесот на селекција, ориентацијата и патувањето за YES програмата. Основана во 1974 година, Американски совети е меѓународна непрофитна организација која работи на подобрување на меѓусебното разбирање меѓу земјите, разменување идеи меѓу поединците и подобрување на соработката преку едукација. Повеќе од 40 години, Американски совети создаваа, спроведуваа и поддржуваа иновативни програми во САД, Европа, Евроазија, Средниот Исток, Азија и Африка за десетици илјади учесници. Тука се вклучени неколку програми на Владата на САД за средношколци (покрај YES програмата), универзитетски и постдипломски студенти, предавачи и професори. Многу други приватни, непрофитни организации во САД, исто така, ја поддржуваат YES програмата. Владата на САД побара од овие организации да сместат ученици од YES програмата во американски семејства-домаќини кои ќе ги поддржуваат учениците и да организираат локални активности во текот на едногодишното траење на програмата.

# ШТО ПРЕДВИДУВА СТИПЕНДИЈАТА?

YES стипендијата го покрива следново:

- Повратен билет за патување од дома до САД и назад
- Месечен надоместок што ќе им помогне на учениците да учествуваат во социјалните активности и да си купат средства за лична хигиена
- Сместување во одбрано и проверено домаќин-семејство во САД во период од една учебна година
- Запишување во средно училиште во САД
- Учество на ориентација на програмата вклучувајќи ориентација пред програмата, и ориентација за повторно прилагодување по враќањето дома
- Програмски активности организирани во локалните заедници во САД
- Медицинско осигурување, со исклучок на претходно постоечки болести и стоматолошка заштита

# КОЈ Е КВАЛИФИКУВАН ДА АПЛИЦИРА ЗА ПРОГРАМАТА?

Конкурсот за стипендирање на YES е отворен за сите, без трошоци за аплицирање за кандидатите кои ги исполнуваат следниве услови. Учениците со попреченост се поканети да учествуваат во натпреварот. Секоја година YES финалистите вклучуваат и ученици со посебни потреби. Избраните ученици со посебни потреби треба да ги исполнуваат истите критериуми како и другите учесници во програмата. Учениците можат да аплицираат само еднаш во програмата за време на тековниот циклус на тестирање.



## КОИ СЕ КВАЛИФИКУВАНИ ДА АПЛИЦИРААТ ЗА ПРОГРАМАТА:

| ДРЖАВА | Подобни години средно | Подобен опсег на дати на раѓање | Завршено средно образование |
|---|---|---|---|
| Држава | 10 и 11 | 1 јануари, 2007 - 15 јули, 2009 | Не |
| Босна и Херцеговина | 1. и 2. | 1 јануари, 2007 - 15 јули, 2009 | Не |
| Бугарија | 9. и 10. | 1 јануари, 2007 - 15 јули, 2009 | Не |
| Косово | 10. и 11. | 1 јануари, 2007 - 15 јули, 2009 | Не |
| Северна Македонија | 1. и 2. | 1 јануари, 2007 - 15 јули, 2009 | Не |

учениците во својата последна година на училиште кои се обврзани да служат воен рок не се квалификуваат.

Забелешка: Учениците кои ќе го променат одделението кое не е прифатливо според критериумите пред нивното заминување за САД ќе бидат дисквалификувани.

**Квалификуваните кандидати мора:**

1. Да ги исполнуваат критериумите за возраст и степен на образование определени за нивната држава (види табела);
2. Да бидат запишани и да посетуваат средно училиште во државата каде што конкурираат за програмата во моментот на аплицирање;
3. Да имаат солиден просек;
4. Да имаат претходно учено англиски јазик и да демонстрираат познавање на англискиот јазик во моментот на регистрација;
5. Да ги исполнуваат условите за добивање американска виза;
6. Да се државјани на земјата каде што аплицираат и да можат да се здобијат со пасош во земјата каде што аплицираат за програмата.

# КОЈ НЕ Е КВАЛИФИКУВАН?

**Учениците не се квалификувани да аплицираат ако:**

- Тој/таа не ги исполнува критериумите 1-6;
- тој/таа има престојувано во САД повеќе од 90 дена вкупно во последните 5 години;
- Неговото/ нејзиното семејство (член од семејството) :
  - Има аплицирано или аплицира да емигрира во САД;
  - Планира или веќе има емигрирано во САД.

# ШТО НЕ Е ПРЕДВИДЕНО?

**YES стипендијата НЕ ги покрива следниве трошоци:**

- Кои било трошоци поврзани со добивање пасош
- Лични трошоци што не се покриени со месечниот надоместок
- Трошоци за вишок багаж
- Сметки за телефон или за интернет

# КАКО СЕ ОДВИВА ПРОЦЕСОТ НА ТЕСТИРАЊЕ И СЕЛЕКЦИЈА?

Учениците се натпреваруваат во неколку рунди на онлајн апликација. Во полуфиналната фаза учениците и нивните родители се поканети на информативен состанок со цел да се запознаат подобро со програмата. Потоа, учениците учествуваат во индивидуални интервјуа со членови на Американски совети, полагаат стандардизиран тест за познавање на англиски јазик, пишуваат состави под надзор и ја добиваат официјалната апликација за програмата, која треба да се достави до Американски совети во рок од две недели.

Селекцијата е базирана на доставените податоци, документи и на покажаната спремност за едногодишно искуство на размена што може да се потврди со сеопфатните апликации на учениците. Доброто познавање на англискиот јазик е важно, но тоа не е единствениот елемент за селекција и затоа не е пресудно. Учениците исто така ќе треба да направат здравствени прегледи и да бидат потврдени/одобрени како здрави за учество во програмата.

Процесот на селекција завршува на пролет и сите апликанти ќе добијат известување за нивниот статус до средината на мај. Избраните финалисти ќе учествуваат на ориентација пред програмата во текот на месец јуни или јули и ќе патуваат во САД во јули или август. Учениците се враќаат дома во јуни следната година. YES учениците мора да се вратат во нивната родна земја на крајот на програмата, на датата одредена од Американски совети. Визата за САД издадена за учесниците на оваа програма нема да биде изменета или продолжена после крајот на програмата во ниеден случај.

# КАКОВ БЕНЕФИТ ЌЕ ИМАМ ОД РАЗМЕНАТА?

YES програмата им нуди на учениците можност да научат за луѓето и културата на Соединетите Американски Држави. YES учесниците се исто така млади амбасадори кои ги учат американците за луѓето и културата на нивните земји. Учениците се стекнуваат со разбирање за други култури и развиваат чувство на сензибилност кон нив, искусуваат личен раст и независност, и стануваат подобро подготвени за еден се´ повеќе меѓузависен свет. Учениците создаваат силни врски со нивните семејства домаќини и американските заедници каде живееле, градејќи врски што често траат доживотно. Многу алумни се запишуваат на престижни универзитети по нивното враќање дома и потоа наоѓаат возбудливи работни места каде ги применуваат вештините стекнати за време на престојот во САД.

# ШТО ТРЕБА ДА ЗЕМЕШ ВО ПРЕДВИД ПРЕД ДА АПЛИЦИРАШ ЗА YES?

Учениците кои се интересираат за програмата треба да ги земат во предвид можните негативни исходи од програмата:

- Дали ќе треба да ја повторам годината во училиштето кога ќе се вратам дома?
- Дали ќе стигнам дома предоцна за да ги полагам завршните испити/тестови за упис на факултет? YES учениците се враќаат во нивните земји доцна во јуни следната година.
- Дали моето училиште / универзитет ќе го одложи моето запишување доколку веќе ме примиле?
- Дали ќе треба да служам војска после моето враќање?
- Дали ќе можам да матурирам како првенец/да добијам златен медал во моето училиште?

За крај, иако учениците се запишани во американско средно училиште, наставната програма е значително различна од таа во други држави, и веројатно нема да го учиш истиот предметен материјал.w